Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *ликовно* за I одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

I Одделение

Септември 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* во прво одделение се реализира во учебната 2020/2021 година.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

| ТЕМА: ЦРТАЊЕ ( 27 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Основни средства за цртање и нивна употреба (хартија, молив)<br>2. Основни средства за цртање и нивна употреба (хартија, дрвени бои)<br>3. Набљудувам со лупа и цртам со молив (лук, кора од дрво...)<br>4. Какви траги оставаат разни моливи: (ХБ, од Б1 до Б12)<br>5. Цртаме есенско дрво (молив)<br>6. Цртаме дождовни капки (молив)<br>7. Цртаме пајажина (молив)<br>8. Го цртам моето другарче (дрвени бои)<br>9. Го цртам моето семејство (дрвени бои)<br>10. Го цртам моето училиште (дрвени бои)<br>11. Цртам смешно животно (дрвени бои)<br>12. На кои подлоги може да се црта<br>13. Цртаме предмети од непсредната средина (молив)<br>14. Илустрација на обработена басна (молив)<br>15. Илустрација на обработена приказна (дрвени бои)<br>16. Цртаме по свој избор (молив)<br>17. Цртаме по слушање на музика (молив)<br>18. Цртаме прибор за хигиена (дрвени бои)<br>19. Цртање на различни подлоги: песок, брашно,природни материјали<br>20. Цртаме морски бранови ( моливи)<br>21. Цртаме селски плот, ограда (дрвени бои)<br>22. Ја цртам мојата омилена играчка (дрвени бои)<br>23. Илустрација на обработен текст (дрвени бои)<br>24. Цртање на препознатлив објект од местото во кое живеам ( молив)<br>25. Цртање на роденденска торта (дрвени бои) |

| |
|---|
| 26. Цртање на лик од  приказна   (молив)<br>27. Цртање  на  сообраќајни знаци  (дрвени бои) |

| ТЕМА: СЛИКАЊЕ (14 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Основни сликарски материјали и нивна употреба  (хартија, четки, водени бои)<br>2. Основни сликарски материјали и нивна употреба (платно, палета, темперни бои, четки)<br>3. Галерија-набљудување на репродукции на познати слики<br>4. Основни бои и нивни нијанси<br>5. Сликање „Ден и ноќ“<br>6. Сликање „Есен во мојата околина“<br>7. Сликање „Зима во мојата околина“<br>8. Сликање „Пролет“<br>9. Сликање на  едноставна шара<br>10. Сликање „Новогодишна елка”<br>11. Сликање на Велигденско јајце<br>12. Набљудување на уметнички слики во галерија или на Интернет<br>13. Сликање на простор„Мојата соба”<br>14. Сликање на превозно средство |

| ТЕМА: ПЕЧАТЕЊЕ   (7 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Основни материјали за печатење (подлога, печат – шаблон)<br>2. Избирам предмет и печатам со него на хартија<br>3. Печатам со лисја на различна хартија |

4. Печатам и правам шари на платно
5. Печатење со сунѓери во разни форми
6. Печатење – форма,  градење композиција со разни шаблони ( воз, автомобили др).
7. Повторување со ист отпечаток- Народна шара

| ТЕМА: МОДЕЛИРАЊЕ И ОБЛИКУВАЊЕ  (9 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Основни средства за моделирање (подлога,глина, пластелин, тесто)<br>2. Подготвуваме глина за моделирање, моделираме едноставен предмет<br>3. Воочуваме и набљудуваме внатрешен и надворешен простор (садови, кутии..)<br>4. Моделираме предмети за секојдневна употреба<br>5. Обликуваме играчки, предмети од природен и отпаден материјал<br>6. Превиткуваме хартија (оригами) и обликуваме цвеќе, сообраќајно средство...<br>7. Конструираме зграда, куќа ( населба) од мали кутивчиња, семиња , стапчиња и др. отпаден материјал<br>8. Правиме нови облици - Дедо Мраз или јагне ( волница, памук, хартија во боја, стапчиња и др. материјал)<br>9. Обликуваме  фигура на животно од картон- маска за лице |

| ТЕМА: ЛИКОВНИ ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ (7  ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Цртаме на нестандардни подлоги и со неликовни материјали<br>2. Дали може да се слика на различни подлоги<br>3. Сликаме со бои добиени од зеленчук, овошје и сл.<br>4. Креативно се изразувамереку различни постапки (капење, дување, прскање...)<br>5. Истражувачка активност со нестандардни материјали: весникарска хартија, лепило- Новогодишен украс<br>6. Цртаме на нестандардни подлоги: пластика, дрво или глинена плоча- мотив по избор<br>7. Цртаме со неликовни материјали ( стари шминки, четка за шминка, лак за нокти)- мотив по избор |

3. **Дидактички препораки**

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активности, методи и наставни средства).

Најефикасни методи на учење во наставата по *ликовно образование* се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења и вештини. Тоа значи дека секој ученик/ученичка треба да се опушти и активно да учествува, пред сè, во запознавање на средствата и материјалите за цртање, сликање, печатење, моделирање и обликување и нивното правилно користење. Потоа, користејќи ги своите знаења, учениците ќе можат креативно да се изразуваат на различните теми.

Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма доста зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема /часовите по *ликовно образование* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, општество, природни науки, музичко образование и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различни активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење.

Во скратената наставна програма има скратување на наставни единици од секоја наставна тема од програмата, зависно од годишниот фонд на часови дадени ориентационо во наставната програма.

Скратувањето не се одразува врз постигнувањата на целите од програмата и усвојувањето на знаења и вештини за ликовно изразување.

Предложените наставни единици овозможуваат учениците да набљудуваат, да ги спознаваат уметничките вредности и да се воспоставува врска со уметноста која е биде присутна во текот на нивниот животот.

Наставниот час се планира да трае 30 минути. При планирањето на наставниот час потребно е наставникот да го скрати воведниот дел од часот и преку соодветни активности да ги мотивира учениците за реализација на часот и постигнување на целите на учењето.

Во текот на наставата се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, ангажираноста на учениците и посветеноста во работата. При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.
Реализацијата на програмските цели и постигнувањето на очекуваните резултати во рамките на еден наставен час со времетраење од 30 минути е олеснето со намалениот број на учениците со физичко присуство во училницата (15-20 ученици).
При реализација на наставните часови по наставниот предмет ликовно образование со физичко присуство на учениците во училница задолжително се почитуваат протоколите за физичка дистанца и лична заштита.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* за прво одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр.12-8424/223

16.09.2020

Министер за образование и наука

Мила Царовска